Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-624/1
29.08. 20 год.
СКОПЈЕ

**Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј,, Скопје**

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.178/2021), одлуката бр. 02-516/9 од Наставно-научен совет и член 20 и 53 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј,, во Скопје, (Универзитетски гласник бр.421/2018), деканот на Фармацевтски факултет на 29 август 2022 година распишува

# О Г Л А С

## за демонстратори

За учебната 2022/2023 година – зимски семестар се рапишува оглас за избор на демонстратори:

- **1 (еден) демонстратор на Институтот за фармакогнозија**
- **1 (еден) демонстратор на Институтот за фармацевтска технологија**
- **1 (еден) демонстратор на Институтот за применета биохемија**
- **1 (еден) демонстратор на Институтот за применета хемија и фармацевтски анализи**
- **1 (еден) демонстратор на Институтот за фармацевтска хемија**

Кандидатите треба да ги исполнат следниве услови:

Демонстратор може да биде лице кое е студент на втор или трет циклус на студии со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум).

Демонстратор може да биде избран студент од интегриран прв и втор циклус студии кој има остварено најмалку 180 ЕКТС кредити и просечна оцена од најмалку 8,00 (осум).

Демонстраторите се избираат да учесвуваат во наставно-образовниот процес во обем и на начин определени со распоредот на работните задачи во тековната учебна година, односно во зимскиот семестар.

Кандидатите кон пријавата поднесуваат докази за исполнетост на условите утврдени со огласот и куса биографија.

Пријавата со потребните документи се поднесува во архивата на факултетот најдоцна во рок од 5 (пет) дена од објавување на огласот.

**Д е к а н**

**Проф. д-р Зоран Стерјев**

Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ Скопје
Република Северна Македонија
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ